Архивски број: 08-141/9
02-09-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-141/1 од 30.1.2024 година, поднесена од и од , со адреса на живеење на зо својство на законски застапници-родители на малолетниот преку со седиште на против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Основно јавно обвинителство за гонење на организирал криминал и корупција-Специјално одделение за гонење на кривични дела сторени од лице со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 02.09.2024
година, го донесе следното

## М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на етничка и расна припадност сторена од страна на Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Основно јавно обвинителство за гонење на организирал криминал и корупција-Специјално одделение за гонење на кривични дела сторени од лице со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, врз

## О б р а з л о ж е н и е

На 30.1.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на од во својство на законски застапници-родители на малолетниот реку полномошник адвокатка против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија ("МВР") и Основно јавно обвинителство за гонење на организирал криминал и корупција ("ОЈОГОКК")-Специјално одделение за гонење на кривични дела сторени од лице со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност.

Претставката е поднесена поради прекумерно искористување на сила од страна на полициски службеници и поради непреземање на соодветни дејствија од страна на надлежните јавни обвинители, кон дете од ромска етничка припадност.

Согласно наводите од претставката, станува збор за настан кој се случил на ден 5.11.2021 година во за кој биле поднесени кривични пријави од оштетениот малолетник преку неговите законски застапници-родителите, против осомничените вработени лица во МВР- пред надлежното МВР на РСМ ОН Прилеп и пред Основното јавно обвинителство Прилеп, а подоцна и пред ОЈОГОКК, односно Специјалното одделение за гонење на кривични дела сторени од лице со полициски овластувања и припадници на затворската полиција.

Имено, на ден 5.11.2021 година во Прилеп, во место викано , го испратил својот малолетен син- да земе некои работи. Откако по подолго изминат временски период синот не се вратил дома, таткото се загрижил и отишол да го побара. Кога пристинал во местото викано , веќе имало пристигнато полициско возило со пет полициски службеници.
Наводите се дека кога полициските службеници го пресретнале малолетниот , физички го нападнале, при што му нанеле повеќе повреди и му ставиле лисици на рацете. Откако му ставиле лисици, го однеле во близина, кон место на кое претходно се случил инцидент за кој полициските службеници сметале дека е дел од некоја поголема група која сторила кривично дело. Полицијата со прекумерна употреба на сила го распрашувала и го принудувала малолетниот да каже дали знае чие е возилото кое е затекнато на местото. Полициските службеници, кои подоцна биле идентификувани како , двајцата вработени во ПС Прилеп, му се заканувале на дека ако не каже чие е возилото и не ги однесе кај сопственикот, ќе применат побрутални мерки.
Таткото на кога пристигнал на местото на настанот веднаш се приближил до полициските службеници и прашал зошто го држат неговиот малолетен син. Тој забележал дека син му бил исплашен и дека има црвенило на вратот. Полициските службеници не му одговориле ништо, а во тој момент пристигнало и полициско засилување. Таткото повикал итна медицинска помош. На местото на настанот му била укажана прва помош на малолетникот, по што се упатиле до ЈЗУ Општа болница Прилеп.
За овој настан таткото поднел пријава пред ПС Прилеп, каде го објаснил целиот настан.
Подносителите наведуваат дека малолетниот доживеал голем стрес, страв, психичко, но и физичко страдање поради прекувремената употребена сила од страна на двајцата идентификувани полициски службеници.

Во претставката е наведено дека органите на прогон постапувајќи по пријавениот настан, кој бил уредно документиран со медицински докази за сторени физички

повреди кон оштетениот од страна на полициските службеници, постапувале без должно внимание, така што биле сторени низа неправилности во текот на постапките. Подносителите сметаат дека во конкретниот случај постои нееднакво постапување, односно дискриминација по основ на етничка припадност кон оштетениот малолетник како од страна на полициските службеници од МВР кои употребиле прекумерна сила во текот на извршување на своите службени овластувања, така и од страна на надлежните од ОЈОГОКК.

Како докази беа приложени:

- Копија од медицинска белешка од ЈЗУ Здравствен дом- одделение за итна медицинска помош од 5.11.2021 година;
- Копија од Извештај од од 5.11.2021 година;
- Копија од Извештај од Ургентна медицина од 5.11.2021 година;
- Копија од Лекарски преглед од од 5.11.2021 година;
- Копија од Медицинска белешка од од 6.11.2021 година;
- Видео запис/снимка од местото на настанот.

По поднесената пријава пред ПС Прилеп, поднесена била и кривична пријава пред ОЈО Прилеп. Органите на прогон спровеле истражна постапка поради постоење на основано сомневање дека службени лица сториле повреда „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување" од член 142 став 1 во врска со член 22 од Кривичниот законик. Но, како што е наведено, до денот на поднесување на оваа претставка до Комисијата, оштетениот и неговите законски застапници не добиле никакво писмено известување од страна на надлежните за евентуално донесена одлука. Оттука, подносителите велат дека бидејќи надлежните органи биле летаргични и не биле преземени соодветни итни мерки, овој случај сè уште нема никаква разрешница.

Настанот бил пријавен и до Народниот правобранител Прилеп, поднесена била и пријава против полициските службеници пред Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во МВР.
Во врска со ова како докази беа приложени:

- Претставка до МВР- Оддел за внатрешна контрола
- Пријава до ОЈО Прилеп, Народен правобранител и МВР ПС ОН Прилеп
- Писмо за загриженост

Подносителите истакнуваат дека во конкретниот случај станува збор за малолетно дете, а органите на прогон кога се работи за малолетник се должни да преземат посебни и соодветни законски мерки за помош и заштита и да постапуваат на начин на кој ќе се елиминираат сите можни штетни последици кои би настанале врз малолетникот, односно врз неговата личност и развој. Оттука, велат дека не е проблем само нееднаквото постапување од страна на органите на прогон по основ на етничка припадност, туку и самиот факт што од нивна страна се постапувало несоодветно и

нееднакво кон малолетно лице. Постапката од пријавување на настан до моментот на повикување во полиција е премногу долга и се одразила негативно врз детето. Особено напоменуваат дека полициските службеници кои постапувале во овој случај, за време на целиот период додека трае постапката се на своите работни места во полициската станица.

На ден 27.2.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Дополнување на претставката од страна на полномошникот-адвокатка Во дополнувањето таа известува дека против одлуката донесена од ОЈОГОКК е поднесен приговор до Вишото јавно обвинителство, кој го доставува во прилог. Дополнително информира дека до јавниот обвинител кој постапувал во предметот (во ОЈОГОКК) била доставена видео снимка од страна на родителите на на која јасно се гледа дека на местото на настанот има амбулантно возило, во кое е снимен малолетниот Меѓутоа ваквата видео снимка воопшто не била ценета како доказ, ниту пак била спомената во одлуката.

Согласно член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 28.2.2024 испрати Известување бр. 08-141/3 до ОЈОГОКК и Известување бр. 08-141/4 до МВР за произнесување по наводите од претставката.

На ден 12.3.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Известување бр. 08-141/5 од ОЈОГОКК-Специјализирано одделение за гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Известуваат дека не се во можност да одговорат на претставката од причина што по поднесен приговор од страна на и во својство на законски застапници- родители на преку полномошник адвокат предметот со сите списи бил доставен на надлежно постапување до Вишото јавно обвинителство, за што ја упатуваат Комисијата да се обрати таму.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека подносителите поставиле prima facie случај на дискриминација, односно покажале понеповолно постапување сторено со пропуштање да се преземат соодветни дејствија од страна на надлежниот јавен обвинител, како и постоење на каузална врска помеѓу етничката припадност на и понеповолното постапување.
Врз основа на ова, Комисијата констатира дека изнесените тврдења во претставката се веројатни и согласно член 24 став 7 в.в. со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 22.3.2024 година испрати Известување бр. 08-141/6 за произнесување по наводите од претставката до ОЈОГОКК со кое го префрли товарот на докажување. Истовремено истакна дека постапката пред Комисијата се води против ОЈОГОКК, каде се водела истражната постапка и од чија страна била донесена

Наредбата за запирање на истражна постапка, па од таа причина потребен е одговор на претставката од ОЈОГОКК, а не од Вишото јавно обвинителство.

На ден 25.4.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од МВР-Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како одговор на претставката. Во одговорот известуваат дека ОВККИПС има постапувано по наведениот предмет на 20.12.2021 година, при што било констатирано дека врз основа на описот на случувањето на настанот и утврдените факти и околности, не се потврдени наводите изнесени во претставката поднесена од и Исто така, на 30.12.2021 година било доставено и Известување до Народниот правобранител за пријавениот настан. Информираат дека на 9.12.2022 година и на 23.12.2022 година од страна на ОВККИПС било постапувано по Наредби од ОЈОГОКК во врска со предметниот настан, па поради тоа за дополнителни информации ја упатуваат Комисијата да се обрати до ОЈОГОКК.

Истиот ден, на 25.4.2024 година до Комисијата пристигна Известување од ОЈОГОКК со кое известуваат дека јавниот обвинител кој постапувал по предметот РОПС бр. 152/22 е именуван како јавен обвинител во Јавното обвинистелство на Република Северна Македонија и повеќе не постапува по предметот, а имајќи предвид дека предметот со сите списи е доставен на надлежно постапување до Вишото јавно обвинителство Скопје, не се во можност да дадат хронолошки приказ на преземените дејствија. Информираат дека откако предметот ќе им биде вратен од Вишото јавно обвинителство, ќе се произнесат по однос на наводите во претставката.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата по истата, како и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Пријавениот настан се случил на ден 5.11.2021 година во Прилеп, кога таткото- испратил својот малолетен син- да земе некои работи од место викано Наводите на родителите на аведени во пријавата се дека тој движејќи се по патот бил застанат од полициски службеници кои физички го нападнале, му ставиле лисици на рацете и го одвеле до возило кое било натоварено со дрва, за кои тие имале пријава дека се украдени. Заплашувајќи го се обиделе од него да добијат признание дека е вклучен во поголема група на лица кои ја извршиле кражбата на дрва, односно да добијат информација во чија сопственост е возилото. Во меѓувреме, на местото се собрале поголема група граѓани, а дошол и таткото кој откако забележал дека и по подолго изминат временски период синот не се вратил дома, отишол да го побара. Откако пристигнал, таткото ги прашал полициските службеници зошто го држат неговиот малолетен син, но не добил никаков одговор. Забележал дека син му е исплашен и има црвенило на вратот. Во тој момент пристигнало и полициско засилување. Таткото повикал итна медицинска помош, по

што на местото на настанот му била укажана прва помош на малолетникот. Видно од доставениот видео запис, на местото биле присутни поголема група граѓани, неколку полициски службеници и полициско возило, како и возило на итната медицинска помош во кое се наоѓал Видно од Упат бр. 10564 од ЈЗУ Општа болница-Прилеп, како анамнеза и наод биле наведени неколку повреди, имено contusio capitis, contusio thoracis и contusion reg. lumbalis.

За овој настан таткото поднел пријава пред ПС Прилеп, а подоцна и кривична пријава пред ОЈО Прилеп. Настанот исто така бил пријавен и до Народниот правобранител Прилеп, а против полициските службеници, кои подоцна биле идентификувани како и била поднесена пријава пред Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во МВР.

По ваквите пријави, органите на прогон спровеле истражна постапка поради постоење на основано сомневање дека службени лица сториле повреда „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување" од член 142 став 1 во врска со член 22 од Кривичниот законик.
Од страна на ОВР Прилеп, биле испратени Покани до и заедно со нивниот син да се јават во ПС Прилеп на ден 9.8.2022 година и уште еднаш на 7.12.2022 година, првиот пат во врска со постапката пред Одделот за внатрешна контрола, а вториот поради собирање на потребни информации во врска со препознавање на лица.

На ден 27.12.2022 година, што значи по повеќе од една година од настанот, родителите преку Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. испратиле Писмо за загриженост до ОЈО Прилеп, ЈО на РСМ, Народен правобранител и МВР со кое изразиле загриженост за одолговлекување на постапката.
ЈО на РСМ испратило Одговор на Писмото за загриженост на ден 6.7.2023 година до адвокат од известувајќи дека по конкретниот предмет РОПС бр. 152/22 постапувало ОЈОГОКК, во врска со што на ден 12.6.2023 година била донесена Наредба за запирање на истражната постапка поради немање на докази дека осомничените го сториле кривичното дело.
ОВККИПС, пак, постапувајќи по пријавата, констатирал дека врз основа на описот на случувањето на настанот и утврдените факти и околности, не се потврдени наводите наведени во претставката од страна на и

Видно од Наредбата на ОЈОГОКК со КОПС бр. 152/22, во својство на сведоци биле повикани и испитани инспекторите од ПС од ОН Прилеп- како и полицискиот службеник . На записници од 8.2.2023 година биле сослушани и осомничените и Повикана и испитана била и лекарката од Итната

медицинска помош Прилеп, која како што се наведува го извршила првичниот преглед на

Во текот на истрагата бил направен обид со покана да се повикаат и лицата и со цел да бидат испитани во својство на сведоци, но поради неможноста за уредна достава, на ден 30.3.2023 година била издадена наредба до СВР Прилеп со цел да го известат обвинителството дали лицата се достапни на органите на прогон и на која точно адреса истите живеат. И по проток на подолг временски период и доставена ургенција до СВР Прилеп, не било постапено по издадената наредба.

Во Наредбата обвинителството истакнува дека е неспорно дека кога се јавил на лекар имал телесни повреди, што се потврдило од медицинската документација и исказот на лекарката од Итната медицинска помош, но дека нема докази дека повредите се нанесени од осомничените- полициските службеници

Притоа обвинителството наведува дека постои несогласност на исказите дадени од неговиот татко наспроти исказот на лекарката на Итната медицинска помош. Имено, неговиот татко навеле дека по настанот на лице место била повикана медицинска помош и на му била дадена инјекција за смирување, додека пак лекарката во својот исказ навела дека критичниот ден, ниту таа, ниту било кој друг колега не бил повикан ниту присуствувал на местото на настанот и дека лицето за прв пат го видела во просториите на ИМП Прилеп. Дополнително навела и дека доколку имало повик за да се излезе на лице место, тоа се заведувало во дневникот за интервенции и во тој момент таа ќе била запознаена со тоа, но таков повик немало.

Во овој контекст, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација констатира дека видно од доставениот видео запис од страна на полномошник адвокат лице место било присутно и возило на Итна медицинска помош, во кое седи а пред возилото се наоѓа униформирано лице од Итната медицинска помош.

Понатаму видно од наредбата, сведоците и , кои биле заедно со осомничените во службеното возило, навеле дека критичниот ден време и место не се случил никаков физички контакт, а најмалку пак со малолетно лице. Сведоците исто така навеле дека од страна на осомничените во вршењето на службата не била употребена сила, закана или друго недопуштено средство или недопуштен начин, со намера од оштетениот а изнудат признание дека сторил кривично дело.

Обвинителството наведува дека во текот на истражната постапка не биле прибавени докази од кои ќе може да се утврди причинско-последичната врска меѓу здобиените повреди на оштетениот и дејствијата на осомничените полициски службеници како и дека во поткрепа на исказот на

оштетениот била само медицинската документација од настанатите повреди, но сите останати прибавени материјални и вербални докази го негирале неговиот исказ. Последно, во наредбата се наведува и дека осомничените во своја одбрана го негирале пријавениот настан, наведувајќи дека на местото каде биле затекнати бесправно исечените дрва немало човек, ниту возач, ниту совозач, а дополнително во возилото била пронајдена лична карта на лицето кој по неколку дена дошол во ПС Прилеп и го признал делото, па оттука и немало никаква причина да изнудуваат признание од никого.

По ваквата одлука донесена од ОЈОГОКК за запирање на истражната постапка е поднесен правен лек- приговор до Вишото јавно обвинителство, кое до моментот на донесување на ова Мислење нема постапено по приговорот.

Во оваа насока, член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ја дефинира дискриминацијата како:
*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други"*.

Директната дискриминација е дефинирана во член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа"*.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се повикува и на праксата на Европскиот суд за човекови права („ЕСЧП", „Судот"), поточно пресудите против Република Македонија (Апликација бр. 69908/01), и други против Република Македонија (Апликација бр. 13252/02), против Северна Македонија (Апликација бр. 31016/17), X и Y против Северна Македонија (Апликација бр. 173/17). Овие случаи пред Судот се многу слични на случајот предмет на оваа претставка, а неколку се однесуваат и на малолетници Роми. Во предметите се работи за несоодветно спроведени истраги кои резултираат со неказнување на полициската бруталност и не земање предвид дека полициската бруталност е расно мотивирана и покрај тоа што Кривичниот закон ги препознава овие дела како дела од омраза и предвидува построги казни. Во овие случаи Европскиот суд за човекови права утврди прекршување на членот 3 од ЕКЧП имено, забрана за тортура или нечовечко или понижувачко постапување или казнување, поради неиспитување на наводите на жртвата за расно мотивирана полициска бруталност.

Имено, како што оценува Судот во случајот X и Y против Северна Македонија, во однос на процедуралниот аспект на членот 3 од Конвенцијата за заштита на човековите

права и основни слободи, за да биде „ефективна", истрагата во врска со наводи за сторена повреда на членот 3 од страна на државни службеници мора прво да биде соодветна, што значи да овозможи утврдување на фактите и утврдување на тоа дали употребената сила била или не била оправдана во конкретните околности, како и идентификување и – ако е соодветно – казнување на одговорните лица. Понатаму, истрагата мора да биде и брза и темелна. Тоа значи дека државните органи секогаш мора да направат сериозен обид да откријат што се случило и не треба да се потпираат на избрзани или неосновани заклучоци за да ја затворат нивната истрага или врз тој основ да ги донесуваат нивните одлуки. Тие мора да ги преземат сите разумни чекори што им стојат на располагање за да обезбедат докази за инцидентот, вклучувајќи, inter alia, изјави на сведоци и судско-медицинско вештачење. Секој пропуст во истрагата што ја поткопува можноста да се утврди причината за повредите или идентитетот на одговорните лица би претставувало ризик од неисполнување на овој стандард. Понатаму, за истрагата да биде ефективна, институциите и лицата одговорни за спроведување на истата мора да бидат независни од оние кон кои таа е насочена. Ова значи не само отсуство на хиерархиска или институционална поврзаност, туку исто така независност во практична смисла. Истрагата треба да биде независна од извршната власт. На крај, жртвата треба да има можност ефективно да учествува во истрагата, на еден или на друг начин.

Во случајот против Северна Македонија се работи за полициска бруталност кон Ром во населбата за кој Секторот за внатрешна контрола не утврдува повреда и Обвинителството не постапува соодветно и не покренува обвинителен акт против сторителите, полициски службеници од единицата Алфи. И во овој случај, како во случајот на , обвинителството одлучува врз основа на искази на осомничените полициски службеници и врз основа на полициски извештаи. Доказите кои ги посочува исто како како изјави од очевидци, не се земаат предвид, односно полицијата пропушта да земе изјави од посочените лица. Постапката пред обвинителството во отив Македонија се одолговлекува и трае шест години. Судот пресуди дека Северна Македонија го прекршила член 14 (забрана на дискриминација) во врска со член 3 од Конвенцијата затоа што властите не спровеле ефикасна истрага за можни расистички мотиви зад наводната физичка злоупотреба од страна на полициските службеници за време на полициска интервенција во 2013 година во населбата

Комисијата смета дека постапувањето на органите за прогон, полицијата и обвинителството, во случајот на во повеќе делови наликува на случаите на полициска бруталност кон Роми кои веќе се адресирани пред Европскиот суд за човекови права. Неспроведување на темелни истраги, поклонување повеќе верба на искази и извештаи составени од потенцијалните сторители и нивните колеги, одолговлекување на постапувањето и не земање предвид на расната и етничката припадност како можни мотиви за насилничко постапување, се клучни карактеристики на постапувањето во овие случаи. Не земањето предвид дека се работи за дете од традиционално маргинализирана и ранлива група и пропуштањето да се спроведат поригорозни истраги кои ќе ги земат предвид последиците кон менталното здравје и развој на детето се особено загрижувачки.

Во конкретниот случај, родителите на малолетниот поднеле пријава во ПС Прилеп, а подоцна и кривична пријава пред ОЈО Прилеп, како и пријава пред Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во МВР, против полициските службеници, подоцна идентификувани како и Во пријавите тие ја изнеле својата верзија на настаните и начинот на кој полициските службеници наводно се однесувале кон , а во поткрепа на нивните тврдења доставиле и медицински извештаи од кои биле видни неговите повреди. Имајќи го ова предвид, МВР и ОЈОГОКК понатаму имале обврска да спроведат ефективна истрага во врска со пријавите.

Со оглед на тоа што ниту МВР, ниту ОЈОГОКК, не испратија суштинско произнесување до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, односно не го образложија своето постапување по пријавите, Комисијата го темелеше своето Мислење врз основа на погоре изложената фактичка состојба и доставените докази, особено Наредбата за запирање на истражната постапка.

Иако настанот се случил на 5.11.2021 година и биле поднесени пријави, сепак ОЈОГОКК донело Наредба КОПС бр. 152/22 за спроведување на истражна постапка на 26.12.2022 година, односно после повеќе од една година од настанот. Немајќи никаков одговор во врска со поднесените пријави, родителите на 27.12.2022 година, преку Здружение за испратиле Писмо за загриженост до ОЈО Прилеп, ЈО на РСМ, Народен правобранител и МВР со кое изразиле загриженост за одолговлекување на постапката. Во рамки на истражната постапка, осомничените и биле повикани и испитани на записник од 8.2.2023 година. Во својство на сведоци, испитани биле и инспекторите од ПС Прилеп , како и полицискиот службеник кои биле заедно со осомничените дента на настанот. Обвинителството направило обид да ги повика во својство на сведоци и , но откако не можело да биде извршена уредна достава на поканите, како и по издадена наредба до СВР Прилеп да извести дали лицата се достапни на органите на прогон, по која наредба не било постапено, тие сведоци сепак не биле сослушани.

Во оваа насока, од страна на обвинителството не било дадено објаснување за оддолжувањето на постапката, а покрај тоа, јавниот обвинител не испитал други сведоци присутни на местото на настанот, освен полициските службеници. Обвинителството прибавило вербални искази единствено од полициските службеници и инспекторите од ПС Прилеп, како и од лекарката на Итна медицинска помош Прилеп, на кои искази во голема мера ја темели донесената Наредба за запирање на истражната постапка. Па така, обвинителството наведува дека во поткрепа на искзот на оштетениот ила само медицинската документација од настанатите повреди, додека сите останати прибавени материјални и

вербални докази го негирале неговиот исказ. Притоа доказите кои го негираат неговиот исказ се изјави на осомничените и нивните колеги.

Дополнително, обвинителството оценува дека постои несогласност на исказите дадени од оштетениот . и неговиот татко , іаспрема исказот даден од од Итната медицинска помош. Имено и неговиот татко навеле дека по настанот на лице место била повикана медицинска помош, додека пак лекарката во својот исказ навела дека критичниот ден ниту таа, ниту било кој друг колега, не биле повикани, ниту пак присуствувале на местото на настанот. Во оваа смисла, обвинителството поклонило целосна верба на лекарката, без да го прибави дневникот за интервенции на Итната медицинска помош како материјален доказ. Дотолку повеќе, видео записот од настанот, на кој јасно се гледа присутно возило на Итната медицинска помош и униформиран лекар, не е воопшто споменат во одлуката.

Министерството за внатрешни работи, пак, поточно Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, како одговор на претставката наведе дека има постапувано по наведениот предмет, но било констатирано дека врз основа на описот на случувањето на настанот и утврдените факти и околности, не се потврдени наводите изнесени во претставката поднесена од и д страна на МВР не беше доставена формална одлука, ниту пак било какво образложение за констатацијата дека не биле потврдени наводите изнесени во претставката.

Комисијата смета дека претставката се однесува на сериозен случај на полициска бруталност кон дете Ром, најверојатно мотивирано од омраза и предрасуди, за кој органите за прогон одбиваат да постапат соодветно, да спроведат темелни истраги и да го заштитат детето.
Со ова, случајот отсликува проблем документиран и адресиран од страна на повеќе меѓународни тела за човекови права.

Во овој контекст, Извештајот на Европскиот комитет против тортура и нехуман третман ("Комитетот") до Владата на Република Северна Македонија, објавен на 15 мај 2024 година, се нотира дека во некои случаи истражните дејствија на ОЈОГОКК се покажале како неефикасни во смисла на побавно дејствување и прекумерно потпирање на полициските изјави и службени белешки, без извршување вкрстени проверки и наредување поважни истражни мерки (како форензички вештачења на наводните жртви или обезбедување на снимки од видео надзор). Во овие случаи, кривичните пријави биле отфрлени без ригорозно испитување на потеклото на повредите, кои наводните жртвите ги припишувале на полициско малтретирање.
Комитетот како пример наведува случај на наводно малтретирање на притворено лице, претрпено во полициска станица во Битола на 21 јуни 2020 година, кое се состоело од нанесување шамари и тупаници (поткрепено со конзистентна медицинска документација составена при неговото примање во Затвор Скопје) при што ОЈОГОКК ја отфрлил кривичната пријава само врз основа на испитување на полицискиот извештај за употреба на сила и, особено,

со давање кредибилитет на јасно координирана изјава на тројца полициски службеници во еден документ со повеќе потписи.
Во овој дел од Извештајот е наведен и случај на приведено лице кое тврдело дека му биле удирани шлаканици од тројца полициски службеници од Полициската станица Чаир/Бутел по неговото приведување на 26.08.2020 година, што било поткрепено со лекарско уверение во кое се опишува повреда на левото око (вклучувајќи фотографска документација доставена до ОВККИПС). ОЈОГОКК ја отфрлило кривичната пријава на 14 јули 2021 година, а обвинителот својата одлука ја засновал едноставно на писмените изјави дадени од полициските службеници, без наредба за судско-медицински преглед и вештачење на релевантниот извештај за употреба на сила.

Понатаму во Извештајот, во однос на работењето на ОВККИПС, се констатира дека од 2021 година, од 159 случаи на наводно полициско малтретирање на приведени лица, 63 биле отфрлени како неосновани, 84 биле оценети како недоволно оправдани, додека само 12 биле оценети како основани и препратени до ОЈОГОКК. Комитетот, при испитувањето на истражните списи произлезени од претставките, нотира дека се покажало дека истражните мерки треба да бидат посеопфатни за да бидат ефективни. Поконкретно, методологијата на ОВККИПС има тенденција да се потпира само на содржината на извештаите за употреба на сила, без примена на дополнителни истражни мерки (како што е наредба за вештачење, веднаш обезбедување на видео надзор и други докази) и спречување на координирани изјави на полициски службеници. Покрај тоа, Комитетот смета дека се чини дека ОВККИПС им дава целосна доверба на предметните полициски извештаи за употреба на сила кои, како што претходно во Извештајот истакнува, понекогаш може да бидат искривени и погрешни.
Како пример во овој дел Комитетот наведува случај во врска со наводно полициско малтретирање на 9 јули 2021 година, во кој едно лице наводно било вербално нападнато и удирано во лицето од полицаец во моментот на апсење, при што паднал на земја и се здобил со повреди, потврдени со лекарско уверение издадено истиот ден. ОВККИПС на 3 ноември 2021 година заклучило дека жалбата поднесена од адвокатот на наводната жртва на 21 јули 2021 година била неоснована. Одлуката на ОВККИПС се засновала единствено на службените белешки и евиденцијата за приведување и употреба на сила, составени од полициски службеници, кои јасно се однесувале на повредите со кои се здобил пријавениот. Притоа не бил направен никаков напор за разговор со полициските службеници, наводната жртва или пет потенцијални сведоци присутни на местото на настанот, со цел да се разјаснат противречностите во полициската евиденција во врска со повредите со кои се здобила наводната жртва.

Комитетот против тортура на ООН во завршните согледувања за Северна Македонија од 2024 година изрази загриженост за:
"(а) Упорната употреба на сила на прекумерен начин, придружена со вербални закани и вербална злоупотреба од страна на полициските службеници, вклучително и при приведување и земање изјава;
(б) Малиот број на дисциплински постапки и кривични гонења и пресуди на полицајци и затворски службеници во случаи на тортура и малтретирање, вклучително и случаи на

прекумерна употреба на сила и примена на средства за принуда, во однос на бројот на регистрирани поплаки, како и фактот дека случаите често се затвораат поради неосновани или недостиг на докази, како и фактот дека во некои случаи се изречени условни и условни казни по пресуди за тортура и малтретирање;

(в) Недостигот на соодветна истрага за можноста за дискриминаторски мотиви во случаите на наводна злоупотреба и прекумерна употреба на сила од страна на полициски службеници, особено против припадниците на ромската заедница, на кои, очигледно полициските власти не им веруваат кога пријавуваат повреди на нивните права во кривичната постапка."[1]

Оттука, Комитетот против тортура препорачува властите да обезбедат дека можноста за дискриминаторски мотиви е доволно истражена кога постои сомневање дека тие имале улога во извршувањето на кривично дело и таквите мотиви да се сметаат за отежнувачка околност во кривичното гонење, да се направат напори за борба против негативните ставови, стереотипи, стигматизација и дискриминација кон припадниците на ромската заедница и другите етнички или малцински групи во државата.

Високиот број на пријави за малтретирање на осомничени од страна на полициски службеници е отсликан и во годишните Извештаи на Европската комисија за Северна Македонија за 2021 и 2022 година, како и од страна на Комитетот на министри на Советот на Европа, кој во јуни 2023 година донесе одлука со која ги повика властите на Северна Македонија да преземат мерки за борба против оваа појава и да обезбедат ефективна истрага на случаите кои припаѓаат на т.н. „група предмети во врска со повеќе пресуди на Европскиот суд за Човекови права.

Европската Комисија против расизам и нетолеранција во извештајот од шестиот циклус на мониторинг од 2023 година, како специфична тема за Северна Македонија го издвојува антициганизмот во полициското работење. Една од причините поради која ЕКРН смета дека антициганизмот во полициското работење е карактеристика на земјата се и повеќето случаи пред ЕСЧП во кои е адресиран овој проблем. ЕКРН го нотира неефикасното постапување на Секторот за внатрешна контрола во ваквите случаи, забележува дека овие случаи ретко се пријавуваат, а уште поретко завршуваат со пропорционални казни за полициските службеници сторители на расистички мотивирано насилство кон Роми. ЕКРН препорачува властите „да ги интензивираат своите напори за спречување и борба против антициганизмот во полициското работење. Притоа, властите треба да преземат решителни активности за да ги охрабрат Ромите жртви и сведоци на полициска злоупотреба да излезат јавно, да им дадат соодветна поддршка и да обезбедат поголема полициска одговорност, особено преку развивање ефективни механизми за внатрешен и надворешен полициски надзор, зголемување на обуката на полицијата за прашања поврзани со ромското население, промовирање на регрутирањето Роми во полициските служби и обезбедување еднакви можности за развој на кариерата на полицајците Роми."[2]

---

[1] Concluding observations on the fourth periodic report of North Macedonia, CAT, 2024.

[2] Извештај на ЕКРН од шести мониторинг циклус, 2023 година

Годишниот извештај на американскиот Стејт департмент за состојбата со човековите права во Република Северна Македонија за 2023 година исто така нотира дека според веродостојни извештаи, во 2023 година имало значително малтретирање од страна на полицијата кон ромската заедница, а граѓанската организација објавила дека најмалку четири случаи на полициска бруталност врз Ромите биле доставени до властите, но многу повеќе биле непријавени поради стравот и недовербата на ромската заедница во институциите.

Врз основа на сето ова, Комисијата оцени дека МВР и ОЈОГОКК не посветиле должно внимание на испитување на пријавите против полициските службеници, односно не спровеле ефективна истрага за наводите за полициска бруталност, воопшто не земајќи предвид дека насилството можеби било расистички мотивирано. Комисијата не е надлежна ниту располага со доволно факти и докази за да одлучи дали полициските службеници се сторители на насилството кон и дали тоа е расно и етнички мотивирано. Но, со пропуштање да се спроведат темелни истраги, не земање предвид на доказите посочени од неговите старатели и полномошници, одолговлекување на истрагата, не земање предвид на можноста делото да извршено поради омраза и предрасуди, и не земање предвид на ранливата положба на дете од маргинализирана група, МВР и ОЈОГОКК извршиле дискриминација врз основа на расна и етничка припадност. Сите овие пропусти претставуваат дејства со кои МВР и ОЈОГОКК сториле ограничување и разликување преку сторување и несторување. Ограничувањето се состои од ограничување на заштитата од мачење, понижувачко и нехумано постапување со што се нарушува телесниот, менталниот интегритет и достоинството на детето.
Исто така, ограничено е и правото ефикасен правен лек преку не земање предвид на сите докази и пристрасно одлучување. Разликувањето се состои од не земање предвид на можноста за расистички мотивирано насилство со што не се препознаваат овие специфични форми на криминал кои се насочени исклучиво кон групи врз основа на заштитени карактеристики, во случајот раса и етничка припадност на ромската заедница. Антициганизмот во полициското постапување е специфичен проблем со кој се соочуваат Ромите, односно лицата кои не се Роми нема да се соочат со вакво постапување бидејќи ја немаат заштитената карактеристика која е суштествен елемент на овие дела. Резултатот е разликување во постапувањето кон лица кои припаѓаат и кои не припаѓаат на ромскиот етникум, што последните ги прави ранливи на полициско насилство. Комисијата зема предвид дека во случајот се работи за наводна полициска бруталност мотивирана од омраза која органите не ја истражуваат соодветно, како добро документиран проблем кој претставува форма на системска дискриминација во РС Македонија. Оттука, Комисијата не смета дека е потребно да бара директен компаратор.

Согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврденото повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација, со цел

отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

П Р Е П О Р А К А

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за внатрешни работи- Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди да ја повтори постапката, да ги земе предвид сите докази, да истражи дали постапувањето било мотивирано од омраза и предрасуди врз основа на расна и етничка припадност и да ги земе предвид препораките за постапување од Европскиот комитет против тортура и нехуман третман за спроведување на ригорозни и темелни истраги и препораките на ООН Комитетот против тортура.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за внатрешни работи - Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди да спроведе обука за постапување во случаи на расно и етнички мотивирано постапување на полициски службеници за вработените во Секторот.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА Министерството за внатрешни работи - Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди да донесе внатрешен акт во форма која ја смета за најсоодветна во кој ќе даде прецизни правила за постапување со цел превенција од постапување засновано на расни и етнички предрасуди и омраза.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА во случај на повторно постапување по предметот од страна на ОЈОГОКК истото да спроведе темелна и ригорозна истрага, да ги земе предвид сите докази и препораките за постапување од Европскиот комитет против тортура и нехуман третман. Се препорачува да ја прошири истрагата кон испитување на можни расни и етнички мотиви зад полициското постапување во согласност со Кривичниот закон.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ОЈОГОКК да спроведе обука за сите вработени за сензибилизирање и промена на ставови и вредности во врска со расни и етнички прашања; и обука за препознавање и постапување во случаи на расно и етнички мотивирано полициско постапување, во согласност со современите стандарди во областа.

Доколку МВР и ОЈОГОКК не постапат согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Скопје
02.09.2024 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

-[illegible]

-Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје

-Основно јавно обвинителство за гонење на организирал криминал и корупција, Специјално одделение за гонење на кривични дела сторени од лице со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, ул. Григор Прличев бр. 1, 1000 Скопје

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk